ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-197/2**

**Дата: 26.02.2013**

ДО
АД ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА
ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на АД за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија - Скопје (во понатамошниот текст Државна лотарија), за 2011 година.

Не е вршена ревизија за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

За вистинитоста и објективноста на резултатот од финансиските извештаи за 2011 година изразивме позитивно мислење и за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со закони и прописи е изразено мислење со резерва.

Со извршената ревизија, како позначајни ги истакнуваме следните состојби:

- не се донесени пишани процедури за движење, контрола и одобрување на финаниската документација како и за процесот на регистрирање на продажбата и уплата на прометот од продажба на инстант и експрес лозовите;
- не се донесени сметководствени политики;
- постојат недоследности во постапувањето при вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на инстант и експрес лозовите;
- постојат недоследности во спроведените постапки и реализација на договорите за набавка на услуги за емитување и продукција и постапката за јавна набавка на маркетинг и услуги за односи со јавноста и закуп на медиски простор.

За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки кои се однесуваат на надлежните органи за управување и раководење на субјектот.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________

*3.* ______________________________ ______________________

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со:

- планирањето и набавката во 2009 година на терминали за продажба на игрите на среќа, од кои 50% сеуште не се ставени во функција и предизвикуваат трошоци кои произлегуваат од нивната нефункционалност, за кои постои можност од застарување на опремата, а се плаќаат и камати по кредити за нивна набавка;
- набавката на стокови добивки-автомобили за игри на среќа од фондот на добивки - формиран од уплатата на играчите.

Од страна на одговорно лице на субјектот за дел од периодот за кој е вршена ревизијата, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани, дел не се прифаќаат и дел претставуваат известување за состојби за периодот за кој истиот е одговорно лице на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 17 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Државна лотарија кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на капиталот и резервите за 2011 година, Извештај за паричниот тек, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државна лотарија за годините кои `и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4.Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Јован Сиљаноски - Генерален директор до 01.03.2011 година и
- Дане Кузмановски - Генерален директор од 02.03.2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.06.2012 до 20.06.2012 година, од 01.07.2012 до 31.07.2012 година и во периодот од 10.09.2012 до 26.10.2012 година кај Државна лотарија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Државна лотарија за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 08.11. 2012 година.

Одговорно лице на субјектот за дел од периодот за кој е вршена ревизијата, на ден 25.01.2013 година, достави забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи со ревизија на усогласеност за 2011 година. Забелешките се разгледани, дел не се прифаќаат и дел претставуваат известување за состојби за периодот за кој истиот е одговорно лице на субјектот.

### 4.1. Систем на интерни контроли во процесите

***Процесот на движење на финансиската документација и плаќање***

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на движење на финансиската документација и плаќање по истата, ревизијата констатира дека не се изготвени пишани процедури за движење, контрола и одобрување на финансиската документација. Не е пополнето работното место главен книговодител, не е назначено лице за вршење на работите во функција на подготовка/прием, ликвидирање и контролирање на книговодствената документација и не секогаш постои доказ за контрола на документацијата за извршените услуги од аспект на нивната комлетност, точност, усогласеност со основните договори, како и навременост на извршувањето на услугите. Наведените состојби создаваат ризик за несоодветно постапување со документите што претставуваат основ за евидентирање на трансакциите во деловните книги, како и исплата врз основа на некомплетна документација .

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија да донесат пишани процедури за движење, контрола и одобрување на документацијата за плаќање, како и потврдување на точноста на истата и да овозможат нивна непречена имплементација, со потребен број на извршители.

***Процесот на продажба и остварување на приходи од игри на среќа***

4.1.2. Продажбата на игри на среќа се врши од страна на деловни соработници на Државна лотарија, врз основа на склучени договори за деловна соработка. Продажбата се регистрира преку терминали кај секое продажно место, поврзани со централниот on-line систем на Државна лотарија на Македонија.

**Уплатата - прометот од продажба на игри на среќа**, за игрите на среќа ТВ бинго и лото, кај кои добивките се утврдуваат со извлекување на броеви по кола, задолжително се регистрира преку on-line терминалите на продажните места, додека уплатите од инстант и експрес лотаријата може да се извршат и без регистрирање во терминалот, при што резултатот од играта се дознава со отворање и читање на резултатот од лозот.

Државна лотарија, **приходот од продажбата** на игрите на среќа ТВ бинго и лото го евидентира врз основа на Извештај за резултатите од извлекувањето за секое коло поединечно, а приходот од продажбата на инстант и експрес лозовите врз основа на регистрираните уплати во on-line системот, на месечна основа.

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на продажба и остварување на приходи од игри на среќа, ревизијата констатира дека не се донесени пишани процедури за контрола и усогласување со продажните места за продадени игри на среќа, евидентирање и уплата на дневниот промет од продажба на истите, а за извршените контроли не е воспоставена пракса за задолжително изготвување документ, како доказ за извршената контрола. Ваквата состојба создава ризик од ненавремено регистрирање /евидентирање на продажбата и ненавремена уплата на прометот од продажба на инстант и експрес лозовите, од страна на деловните соработници-продажните места на Државна лотарија.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија да донесат пишани процедури за контрола и потврдување на податоците од продажба на игрите на среќа и да се обезбеди нивно спроведување, со цел ефикасен систем на контрола на продажбата и приливот на средства од продажба на игрите на среќа.

*Потенцираме, дека Државна лотарија на Македонија отпочна со имплементација на ISO 9001:2008 стандардот во своето работење, за која цел кон крајот на 2011 година е склучен Договор за набавка на услуги за сертифицирање по ISO 9001:2008 стандард со рок на реализација до завршување на предметот на набавка, по што би се воспоставил документиран систем за управување со квалитет, согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2008.*

***Лотариски on-line систем за приредување на општи игри на среќа***

4.1.3. Државна лотарија приредувањето на игрите на среќа го врши преку лотариски on-line систем за приредување на општи игри на среќа, имплементиран во април, 2010 година. Преку on-line системот се регистрира продажбата на игрите на среќа, уплатата од продажбата на истите (дневен промет кој продажните места треба да го уплатат во Државна лотарија) и исплатата на добивките. Работите поврзани со продажба на игрите на среќа, се вршат преку продажни места на деловните соработници, каде е инсталирана опрема-терминали, поврзани со централниот систем на Државна лотарија.

Со извршениот увид во сметководствената документација и работењето на on-line системот, ревизијата ги констатира следните состојби:

- on-line системот ги евидентира сите промени од продажба на игрите на среќа (бинго, лото, спортска прогноза, инстант и експрес лотарија), регистрирани преку терминалите на продажните места, при што обезбедува податоци за остварениот промет за секое продажно место по видови игри на среќа. Наведениот податок се користи како основа за сметководствено евидентирање на побарувањата за уплата на дневниот промет од страна на деловните соработници на сметката на Државна лотарија;
- издавањето/повратот на инстант и експрес лозовите во продажните места, во системот се евидентира по потврдување на приемот/повратот на истите преку терминалот од страна на продажното место, а во сметководствената евиденција врз основа на документ (испратница/повратница/записник за извршен поврат при теренска посета на продажното место) во моментот на фактички извршен прием на продажното место, односно поврат во магацинот на Државна лотарија
- воспоставена е пракса на блокирање на внесот на податоци во on-line системот по зршување на одредена игра на среќа, а состојбите за залихата на инстант и експрес лозови констатирани со записник од извршен увид на продажното место по завршување на играта, се евидентираат само во сметководствената евиденција, но не и во системот.

Притоа, не е воспоставена пракса/процедура за усогласување на податоците за евидентирани залихи на лозовите во on-line системот и во сметководствената евиденција, што може да резултира со нееднакви состојби, кои покрај другото претставуваат и основа за вршење попис на залихата на лозови на продажните места.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија да воспостават координација помеѓу секторот за финансии и надлежните сектори во Државна лотарија и да воспостават процедура за усогласување на податоците за состојбата на инстант и експрес лозови регистрирани во on-line системот и сметководствената евиденција, на начин кој ќе обезбеди веродостојни и применливи податоци во работењето во рамки на субјектот, како и во односите со деловните соработници.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со ревизија на актите[1] кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и исплата на платите, ревизијата ги констатира следните состојби:

- во отсуство на Колективен договор на ниво на дејност односно на ниво на работодавач, Државна лотарија ги применува коефициентите на сложеност на работите, утврдени со Колективниот договор за вработените во стопанството;
- предвидена е можност за исто работно место да се вработат лица со различен степен на стручна подготовка;
- при дефинирање на долната и горната граница на степените на сложеност по групи, извршено е преклопување на истите од една во друга група на сложеност, со што се создава можност на вработени кои согласно работното место припаѓаат на пониска група на сложеност, при пресметка на платата да им се додели повисок степен на сложеност од вработени на работно место групирано во повисока група на сложеност;
- за утврдувањето на правото и должината на годишниот одмор Државна Лотарија не располага со интерен акт со кој поконкретно ќе се уреди наведената материја, ниту се применува член 112 од Колективниот договор за вработените во стопанството.

Поради наведените состојби, постои ризик од правилно утврдување на правата на вработените во делот на платата и надоместоците, согласно законските и подзаконските акти кои ја регулираат наведената област.

[1] 1. Правилникот за организационата поставеност и систематизација на работи и работни задачи во Државна лотарија на Македонија и неговите измени и дополнувања Бр. 02-1561/4 од 20.10.2009 г., бр. 02-2428/1 од 16.12.2009 г., 02-1146/1 од 20.04.2010 г., 02-1939/1 од 05.07.2010 г., 02-738/6 од 11.03.2011 г. и 02-963/1 од 29.03.2011 г.
2. Правилникот за систематизација на работните места на АД за приредување игри на среќа на Државна лотарија на Македонија бр. 02-3619/10 од 11.11.2011 година
3. Правилникот за бруто плата, работната успешност и додатоците бр.02-3619/12 од 11.11.2011 година
4. Колективниот договор за вработените во стопанството (Службен весник на РМ 54/10)

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија да превземат мерки и активности за преиспитување на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и исплата на платите и нивно усогласување со законската регулатива.

4.2.2. Државна лотарија, продажбата на игри на среќа ја врши преку продажна мрежа на деловните соработници со кои склучува договори за деловна соработка. Со увид во интерните акти, приложената документација и склучените договори за деловна соработка, ревизијата ги констатира следните состојби:

- врз основа на јавен повик во 2011 година извршен е избор и склучен е Договор за деловна соработка за **теренска продажба** на игри на среќа со деловен соработник, кој не доставил гаранција за извршување на обврските спрема Државна лотарија, што согласно јавниот повик е дефинирано како критериум за избор на најповолен понудувач, не го исполнува општиот услов за позитивно работење во деловната 2010 година, а теренската продажба ја остварува преку осум мобилни терминали (теренски продавачи), иако согласно член 6 од наведениот договор, избраниот деловен соработник се обврзал да ангажира минимум 30 лица во работен однос кои ќе работат како теренски продавачи, што е и еден од општите услови во јавниот повик;
- **продажбата на игрите на среќа**, Државна лотарија ја врши преку деловни соработници со кои има склучено договори за деловна соработка во 2011 година и во претходни години. За поголем дел од договорите склучени во 2010 и 2009 година, ревизијата не доби на увид документација врз основа на која е извршен изборот и се склучени договорите.

Наведените состојби не се во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на договори за деловна соработка бр.02-10746 од 06.08.2009 година и неговите измени и дополнувања[2] и имаат влијание врз продажбата на игрите на среќа, а со тоа и на обемот на средствата односно приходите што Државна лотарија ги остварува по наведениот основ.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија при избор на деловни соработници за продажба на игрите на среќа целосно да ги применуваат пропишаните правила и процедури.

[2] Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на договори за деловна соработка, бр.02-737/3 од 11.03.2011 година и бр.02-1211/22 од 15.04.2011 година.

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. По истекот на деловната година секој трговец има обврска да составува годишна сметка и финансиски извештаи кои вклучуваат и применети сметководствени политики и други објаснувачки белешки, согласно член 476 од Законот за трговски друштва. Државна лотарија нема донесено сметководствени политики како специфични принципи, правила или практики кои ќе се применуваат при проценувањето и евиденцијата на трансакциите, како би се обезбедило конзистентно постапување согласно законската регулатива. Непостоењето и необјавувањето на сметководствени политики создава можност за погрешно разбирање и толкување на информациите презентирани во финансиските извештаи, а со тоа и можност за донесување на погрешни одлуки.

Во текот на извршувањето на ревизијата, од страна на Управниот одбор донесена е Одлука бр.02-3521/17 од 17.10.2012 година, за формирање на Комисија за утврдување на предлог на сметководствени политики на Државна лотарија.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија да преземат мерки за донесување на сметководствени политики од страна на Комисијата формирана за таа цел.

4.3.2. Со увид во пописниот материјал и Извештајот за попис на инстант срećките (инстант и експрес лозовите), ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со Законот за трговски друштва и член 11, 12 и 13 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и тоа:

- пописот на залихите на **инстант и експрес лозовите во магацинот** на Државна лотарија не е целосно извршен, поради тоа што за состојбите не се изготвени пописни листи, односно количините по попис само се внесени во лагер листа на инстант среќки и не е извршено усогласување на фактичката состојба со сметководствената вредност на залихите, а веродостојноста на искажаните податоци не е потврдена со потпис од страна на пописната комисија;
- пописот на залихите на **инстант и експрес лозовите на продажните места**, кои функционираат како деловни соработници на Државна лотарија, не е целосно извршен поради следното:
  - во Извештајот за попис се искажани податоци само за бројната состојба на инстантите, без податоци за состојбите од сметководствената евиденција и евентуалните разлики помеѓу истите;

- не се доставени пописни листи од сите деловни соработници - продажни места на Државна лотарија и покрај ургенциите од страна на Државна лотарија. Податоците за количините на залиха се утврдени врз основа на податоци од on-line системот за приредување игри на среќа на Државна лотарија, кои се користат како состојба утврдена по попис, а всушност треба да бидат основа за усогласување со состојбата во Државна лотарија со состојбата по извршен физички попис на залихите на продажните места.

Причина за ваквите состојби е дисперзираност и обемност на продажната мрежа на Државна лотарија, како и недостаток на персонал за навремено, квалитетно и точно извршување на пописот на залихи на продажните места. Несоодветно извршениот попис предизвикува можност за нереално искажување на залихата на инстант и експрес лозовите и ја отежнува контролата при управување и користење на истите.

**Препорака**:
Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија да преземат мерки за квалитетно организирање и извршување на пописот, како и да обезбедат задолжителност за доставување на пописни листи за залихата на инстант и експрес лозовите од страна на деловните соработници - продажните места, како и да превземат мерки во случај на непочитување на истите.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. Државна лотарија има склучено и реализирано договори за адаптирање на деловниот простор на 2-ри кат во зградата на МРТВ за потребите на функционирањето на on-line системот, кое до денот на известување од извршената ревизија сеуште не е завршена. Трансакциите се презентирани во финансиските извештаи како средства во подготовка во износ од 7.164 илјади денари. Адаптација на деловен простор започната е во 2009 година и се врши во две фази. За извршеното адаптирање, почнувајќи од 2009 година, исплатени се средства во вкупен износ од 5.276 илјади денари, од кои во текот на 2011 година износ од 733 илјади денари. Со увид во увид во целокупната документација за спроведента постапка за набавка, нејзината реализација, го констатиравме следното:

- по спроведена постапка за јавна набавка во 2009 година, склучен е Договор број број 03-1365/1 од 28.09.2009 година во износ од 2.912 илјади за реализација на **1-ва фаза** - адаптација на деловен простор при што ги утврдивме следните состојби:
  - за извршените работи во текот на 2009 година доставена е 1-ва времена ситуација, согласно која одделни позиции се извршени во количини кои

се многу поголеми од количините предвидени со основните проекти, за сметка на позиции кои воопшто не се реализирани;

- не беа доставени на увид градежни книги и градежни дневници како потврда на динамиката на извршените работи. Надзорниот инженер нема изготвено Извештај за извршените работи, како доказ за оправданоста на повеќе реализираните во однос на договорените количини што не е во согласност со член 29 од Законот за градење (Слубен весник на РМ бр. 51/2005 и 82/2008);

- со истиот економски оператор, по спроведена постапка за јавна набавка, во 2010 година склучен е Договор број 03-1610/1 од 02.06.2010 година во износ од 10.620 илјади денари, за реализација на **2-ра фаза** од адаптација на деловен простор, при што ги утврдивме следните состојби:
    - со договорот не се прецизирани роковите за изведба на работите;
    - надзор над изведбата се врши од страна на ЈП ССДП на РМ, без склучен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски, како и не е доставен извештај од надзорот, согласно член 36 од Законот за градење.

Наведената состојба на реализација на договорите и превземените обврски врз основа на некомплетна и непотврдена документација од страна на надзорот предвидена со Законот за градење, како доказ за реализирани активности согласно склучените договори, има влијание врз законската испла на средства согласно склучените договори.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на Државна лотарија да преземат мерки и активности исплата на превземените обврски да се врши врз основа на комплетна и потврдена документација од страна на надзорот, додека правата и обврските на надзорот да се регулираат со склучување на договор.

4.4.2. За непречено реализирање на игрите на среќа, Државна лотарија врши набавка на услуги за **емитување, продукција и копродукција** на извлекување на броеви од игрите на среќа ТВ бинго и лото.

За набавка на наведените услуги, склучене се договори/анекс договори и тоа:

- во 2010 година со телевизиски куќи и друштво за филмска продукција, при што телевизиските куќи ја преземаат обврската за емитување на емисиите, а друштвото за филмска продукција ја презема обврската за осмислување, организација, копродукција и реализирање на емисиите;
- во 2011 година, со телевизиски куќи, кои ја преземаат обврската и за емитување и за продукција на емисиите.

Согласно член 8 од Законот за јавните набавки, овој закон не се применува *„...при доделување на договори за јавни набавки на услуги кои: ... се однесуваат на купување, развој, продукција или копродукција на програмски*

*материјали од страна на радио и телевизиски куќи, или за термините на радио и телевизиско емитување на програма...„.* Ревизијата потенцира дека согласно наведениот член, договорните органи не се обврзани да го применуваат Законот за јавните набавки за откуп на радио или телевизиски термин за емитување на одредени програми, меѓутоа продукцијата на програмата не потпаѓа под наведениот исклучок и за неа соодветно се применува Законот за јавните набавки, освен во случај кога услугите за продукцијата се набавуваат од страна на радио или телевизиска куќа.

Со увид во спроведените набавки на услуги за емитување, продукција и копродукција на емисии за бинго и лото и реализацијата на склучените договори, ревизијата констатира дека:

- за набавките по склучените договори во 2010 година, по кои во 2011 година се преземени обврски за емитување и продукција во вкупен износ од 10.167 илјади денари, Државна лотарија спроведува одредена процедура за набавка (Одлука за набавка без спроведување на постапка за јавна набавка, прибирање понуди, Извештај од спроведена постапка, Одлука за избор). Од вкупно преземените обврски, 4.507 илјади денари се однесуваат на услуги за продукција;
- за набавките по склучените договори во 2011 година, по кои се преземени обврски за емитување и продукција во вкупен износ од 7.834 илјади денари, цената на услугата во договорите е утврдена збирно за емитување и продукција на емисијата.

Набавката на услуги за продукција согласно закон обезбедува транспарентност и јавност при набавките и избор на најповолна понуда.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење да донесат политики за начинот на доделување на договорите за јавни набавки и да овоможат континуирана едукација на лицата инволвирани во примената ува постапките од Законот за јавните набавки.

4.4.3. Со увид во постапката за набавка на маркетинг и услуги за односи со јавноста и закуп на медиски простор, спроведена во текот на 2010 година и склучените договори со три економски оператори, во вкупен износ од 12.272 илјади денари, по кои во текот на 2011 година се преземени обврски во вкупен износ од 8.795 илјади денари, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- Досието за спроведената постапка не е комплетно, поради тоа што за еден од избраните понудувачи, нема соодветна документација за докажување на економската и финансиската состојба на економскиот оператор, за еден од избраните понудувачи нема доказ за доставена банкарска гаранција за учество во постапката, а нема ниту доказ за доставени банкарски гаранции

за квалитетно извршување на договорот за сите понудувачи, согласно барањата во тендерската документација;
- направена е грешка при евалуирање на поткритериумот „попуст„ за критериумот „цена„ што влијае на извршениот избор на најповолна понуда, односно избрани се три економски оператори;
- преземени се обврски по истек на рокот на важност на склучените договори, во вкупен износ од 7.471 илјада денари, без анекс договор.

Несоодветното постапување во доделување на договорите за јавни набавки предизвикува можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките и избор на најсоодветен економски оператор.

Во текот на ревизијата донесен е нов Правилник за начинот на постапување на секторите и службите на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија при спроведувањето на постапките за јавните набавки бр. 02-3521/16 од 17.10.2012 година, со кој се уредуваат начинот и постапката за доделување на договорите за јавни набавки, како и начинот на постапување на секторите и службите и протокот на документите при вршење на јавните набавки во Друштвото.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење да превземат мерки и активности и тоа:
- досиеата од спроведените постапки за јавна набавка да ги содржат потребните документи за постапката и избор на најповолниот понудувач;
- евалуацијата на понудите да се врши во согласност со утврдените критериуми во тендерската документација;
- да се следи реализацијата на договорите, односно да се не се преземаат обврски по истек на важноста на договорите;
- имплементација на активностите согласно актот за постапување при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија - Скопје на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4., финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на АД за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија - Скопје, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6. Нагласување на прашања на неизвесност или континуитет**

6.1. Согласно Договорот број 03-1307/1 од 23.09.2009 година во износ од 2.419.716 евра односно 148.000 илјади денари (без ДДВ), извршена е набавка на on-line систем за приредување општи игри на среќа, која вклучува набавка на **хардвер и комуникациска опрема**, **on-line софтвер** за приредување на општи игри на среќа, **софтвер за телевизиска презентација** на извлекување на добиени награди и **400 терминали** (терминал, скенер, принтер и бар код читач). Набавката на терминали изнесува 1.111.354 евра односно 68.415 илјади денари, односно 46% од вредноста на договорот.

Состојбата на терминали кои се наоѓаат во магацинот на Државна лотарија и не се дадени на користење, од причина што не се обезбедени потребен број на деловни соработници кои ќе вршат продажба на игрите на среќа е следната:

- на ден 31.12.2010 година - 130 терминали,
- на ден 29.02.2011 година - 131 терминали,
- на ден 30.06.2011 година - 205 терминали,
- на ден 31.12.2011 година – 200 терминали.

Ревизијата обрнува внимание на планирањето и набавката на наведените терминали, како и трошоците кои произлегуваат од нивната нефункционалност, поради следниве причини:

- како техничка опрема набавена пред три години, постои можност од застарување на истата;
- за плаќање на обврските кон економскиот оператор, во текот на 2010 и 2011 година склучени се два договори за долгорочни кредити, при што на име камати исплатени се вкупно 8.223 илјади денари (во 2011 година 5.472 илјади денари), од кои 3.777 илјади денари се камати за набавените терминали.

6.2. Државна лотарија приредува лотариски игри на среќа (експрес и инстант лотарија, ТВ томбола-ТВ бинго, лото и спортска прогноза), при што најмалку 50% од примените уплати за учество во играта се распоредуваат како фонд на добивки, кој се користи за исплата на добивките на учесниците во играта на среќа. Заради популаризирање на игрите на среќа, Државна лотарија покрај паричните, доделува и стокови добивки, меѓу кои и моторни возила-автомобили.

Во текот на 2011 година, како стокови добивки доделени се 13 автомобили, чија набавка изнесува вкупно 6.948 илјади денари, за која Државна лотарија спроведува одредена процедура за набавка (јавен повик до застапниците на автомобилски брендови за прибирање понуди, записници и извештаи од спроведена постапка од страна на комисија, одлука за избор), од причина што за начинот на набавка на возилата, со оглед на спецификата на набавката, Државна лотарија има добиено Мислење од Бирото за јавни набавки бр.02-1266/1 од 14.09.2009 година, согласно кое „...*имајќи го предвид изнесеното во Вашиот допис дека стоките од стоковниот фонд на награди не се набавуваат за потребите на Државна лотарија на Македонија поврзани со нејзиното секојдневно извршување на надлежностите, туку се наменети за потребите на крајните корисници-играчи на игрите на среќа набавени со средства кои не се утврдени како извор на финансирање на друштвото ............„на мислење сме дека набавките на стоките од средствата на наградниот фонд кои се наменети за награди за игрите на среќа, не би претставувале договори за јавна набавка во смисла на член 3 став 1 од Законот за јавните набавки.......„*

Ревизијата потенцира дека изворот на финансирање - фондот на добивки кој се формира од уплатата на играчите, а не од средствата на Државна лотарија, не е наведен во член 8 и 9 од Законот за јавните набавки, како исклучок од примена на истиот.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2011 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1 | 122,711 | 48,328 |
| Останати приходи | 3.2 | 11,317 | 17,164 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **134,028** | **65,492** |
| | | | |
| Залиха на почетокот на периодот | | | |
| Залиха на крајот на периодот | | | |
| | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 11,347 | 4,863 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 55,612 | 19,549 |
| Плата, надместоци на плата и останати трошоци на вработените | 3.5. | 24,893 | 24,507 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 22,349 | 17,158 |
| Останати тршоци од работењето | 3.7. | 19,449 | 7,690 |
| Останати расходи | 3.8. | 15,512 | 14,990 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **149,162** | **88,757** |
| | | | |
| Финансиски приходи | 3.9. | 1,400 | 2,942 |
| Финансиски расходи | 3.10. | 5,648 | 3,481 |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | (19,382) | (23,804) |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 3.11. | (19,382) | (23,804) |
| **Данок од добивка** | 3.12. | 77 | 70 |
| | | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 3.13. | (19,459) | (23,874) |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 11,950 | 32,174 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 21,029 | 410 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3. | 67 | 373 |
| Побарувања од вработените | 4.4. | 93 | 134 |
| Останати побарувања | 4.5. | 4,755 | 7,179 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.6. | 348 | 3 |
| Залихи | 4.7. | 63,160 | 22,813 |
| **Вкупно тековни средства** | | **101,402** | **63,086** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.8. | 46 | 69 |
| Материјални средства | | 279,648 | 313,081 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **279,694** | **313,150** |
| **Вкупна актива** | | **381,096** | **376,236** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.9. | 11,770 | 4,100 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.10. | 0 | 631 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.11. | 629 | 82 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.12. | 1,486 | 809 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.13. | 74,759 | 34,673 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.14. | 238 | 486 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **88,882** | **40,781** |
| | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.15. | 68,058 | 91,840 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **68,058** | **91,840** |
| | | | |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.16 | 276,355 | 276,355 |
| Пренесена загуба | 4.17. | 32,740 | 8,866 |
| Загуба од тековната година | 4.18 | 19,459 | 23,874 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **224,156** | **243,615** |
| **Вкупна пасива** | | **381,096** | **376,236** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **276,355** | 32,740 | - | 243,615 |
| Загуба за деловна година | - | - | 19,459 | (19,459) |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **276,355** | **32,740** | **19,459** | **224,156** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2011 ГОДИНА**

| | во 000 денари |
|---|---|
| | **2011/2010** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(19,382)** |
| Приходи од продажба на деловни објекти | (11,271) |
| Амортизација | 22,349 |
| Невообичаени трошоци | 5,476 |
| Невообичаени приходи | (863) |
| Вишоци | (5) |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 14,631 |
| **Готовински текови од работење** | **10,935** |
| | |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (20,619) |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 306 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 41 |
| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 2,424 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | (345) |
| ЗАЛИХИ | (40,347) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 7,670 |
| ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | (631) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 547 |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | 677 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ | 40,014 |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | (248) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **424** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 11,272 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (3,525) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **7,747** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (23,782) |
| Приходи од камати | 863 |
| платени камати | (5,476) |
| Капитал | |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(28,395)** |
| | |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(20,224)** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **32,174** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **11,950** |

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**УЛ. МАКЕДОНИЈА 12/3**
**ПАЛАТА МАКЕДОНИЈА**

**1000 СКОПЈЕ**

25.01.2013
11-197/1

Предмет: ДОСТАВА НА ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ - ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Во врска со доставениот Нацрт - Извештај на овластениот Државен ревизор, во утврдениот рок, како поранешен Генерален директор на друштвото од основањето до 28.02.2011 година, ги давам следниве забелешки:

Во однос на точка 4.4 Користење на средства согласно законските прописи од Нацрт Извештај на овластениот Државен ревизор, под точка 4.4.1, која се однесува на адаптирањето на деловен простор на друштвото на 2-ри кат во зградата на МРТВ за потребите на функционирање на он-лине системот укажувам на следново:

Согласно заклучокот од 79 седница на Владата на РМ одржана на ден 23.06.2009 година по доставената информација од Државната Лотарија на Македонија, донесен е заклучок со кој Министерството за информатичко општество и Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ треба да обезбедат простор за сметстување на веќе испорачаниот Он- лајн компјутерски систем.

Доказ: Нацрт- записник од 79-та седница на Владата на РМ одржана на ден 23.06.2009 година, со предлог заклучоци.

Со оглед на многу краткото време, задолжените субјекти за реализација на овие заклучоци на Владата на РМ не беа во можност да обезбедат сала за сместување на комјутерскиот систем. Од тука ДЛМ беше принудена веднаш да отпочне со адаптација на деловниот простор на вториот кат со изградба на сала за сместување на компјутерскиот систем и обезбедување на простории за сместување на вработените. Појаснувам дека Владата на Република Македонија со заклучок од

30-та седница одржана на ден 18.11.2008 година го задолжи Министерството за финансии со ребаланс на буџетот за 2009 година за потребите на Државната Лотарија да обезбеди 1.000.000 евра за да се отпочне со работа. Меѓутоа од непознати причини за мене не беа исплатени овие средства на Државната Лотарија на Македонија.

Доказ: Нацрт записник од 30-та седница на Владата на РМ од 18.11.2008 година.

Согласно Заклучокот на Владата на Република Македонија, Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, а по доставено барање од страна на Државна лотарија на Македонија беше задолжено да врши надзор над адаптирањето на деловниот простор, во сите фази, без надомест.

Со оглед на тоа што надзорот се вршеше без надомест, не е склучен договор за регулирање на финансиските обврски на Државна лотарија на Македонија со ЈП. Ова дотолку повеќе што такви обврски не се предвидени со заклучокот на Владата на РМ со кое ЈП е задолжено да врши надзор во сите фази на градба без надомест.

Исто така, укажувам дека со оглед на тоа што обврските на надзорот се дефинирани со Законот за градење и позитивната законска регулатива, не постои и потребата од склучување на посебен договор за регулирање на надзорниот орган.

Во врска со даденото мислење по оваа точка појаснувам дека сите исплати на изведувачите, се вршени врз основа на потврдени времени ситуации од страна на надзорниот орган и изведени работи за адаптацијата на деловниот простор.

Доказ: Потпишани и потврдени времени ситуации од страна на надзорен орган.

Во однос на точка 4.4 Користење на средства согласно законските прописи од Нацрт Извештај на овластениот Државен ревизор, под точка 4.4.2 која се однесува на јавната набавка на услуги за емитување, продукција и копродукција на извлекувањето на добитните броеви од игрите на среќа ТВ Бинго и лото, укажувам дека е спроведена постапка со јавен повик за откуп на телевизиски

термини за емитување на програма на една од телевизиите со национална фреквенција на територијата на Република Македонија. Врз основа на спроведената постапка, склучен е договор со телевизиска куќа, која во целост ги исполни условите од јавниот повик, каде како подизведувач се јавува друштво за филмска продукција.

Во однос на точка 4.4 Користење на средства согласно законските прописи од Нацрт Извештај на овластениот Државен ревизор, под точка 4.4.3 која се однесува на услуги од областа на маркетингот, односите со јавноста и закупот на медиски простор, спроведена во текот на 2010 година, укажувам дека заклучно со 28.02.2012 година нема финансиски импликации врз основа на договорите склучени по горенаведената јавна постапка за еконмски оператори.

Во однос на точка 6. Нагласување на прашања на неизвесност или континуитет, подточка 6.1 која се однесува на набавката на он-лине системот за приредување општи игри на среќа, која вклучува набавка на хардвер и комуникациска опрема, он-лине софтвер за приредување општи игри на среќа, софтвер за телевизиска презентација и 400 терминали (терминал, скенер, принтер и бар код читач), укажувам дека наодот на ревизијата дека се ставени во функција само 200 терминали не ја отсликува во целост и во континуитет состојбата со ставањето во функција на терминалите за целиот период од склучување на Договорот он-лине софтвер за приредување општи игри на среќа. Ова од причина што во моментот на пуштање на системот беа ставени во функција сите 400 терминали, за кои беа склучени посебни договори со деловните соработници, кои се во архивата на друштвото.

Пред објавување на огласот за јавна набавка на он-лине софтвер за приредување општи игри на среќа, моделот на договор како дел од тендерската документација беше предмет на разгледување и одлучување од страна на органите на управување и надзор на друштвото.

Доказ: Одлука со која се дава согласност на моделот на договор за јавна набавка он-лине софтвер за приредување општи игри на среќа – клуч на рака, од Управниот одбор на друштвото.

Согласно Записникот од седницата на Владата на Република Македонија одржана на 14.04.2009 година, усвоена е Информацијата на Државната лотарија на Македонија, со која се утврдува потребата од набавката на терминалска опрема (350 парчиња и 50 парчиња за обука и резерва). Вкупниот број од 400 терминали е резултат на истражувањата на пазарот во земјата и регионот, како и компаративните искуства од поранешните лотарии во Македонија и земјите на Југоисточна Европа, каде постојат најмалку 1000 терминали за примање на уплати на влоговите од игрите на среќа кои ги приредуваат.

Исто така, во оваа прилика сакам да укажам дека Државната лотарија на Македонија до Министерството за финансии - Управата за јавни приходи се обрати со барање за мислење за потребните активности за започнување со игрите на среќа. Исто така, укажувам дека на сите работни состаноци со претставници од Управата на јавни приходи – Регионална дирекција Скопје и претставници на Државната лотарија на Македонија беа дефинирани ставовите дека општите игри на среќа кои ги приредува Државната лотарија на Македонија не претставуваат ниту добра ниту услуги, па од тука одредбите на член 2 од Законот за регистрирање на готовински плаќања, за општите игри на среќа не е потребно да се воведе и користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања и задолжително да се издава сметка за извршениот промет.

Но, и покрај горенаведеното од страна на Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, беше побарано при уплата на влоговите од игрите на среќа да се воведе и користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања.

Како резултат на истото се пристапи кон набавка на фискални апарати и регистрација на подружници за уплатно-исплатните места од страна на Државната лотарија на Македонија.

Со оглед на искажаното мислење на надлежните институции дека не е можно регистрирање на прометот од игрите на среќа на фискалните апарати на деловните соработници на Државна лотарија на Македонија, се пристапи кон набавка и имплементирање на фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања.

Доказ: Записник од работен состанок одржана на 13.01.2010 година.

Покрај сите потешкотии со кои се соочуваше друштвото, сакам да нагласам дека согласно евиденцијата на друштвото, на 28 февруари 2011 година во листата на основни (во употреба) средства се евидентирани и пуштени во употреба 269 терминали, 50 терминали чекаа на баждарење во УЈП, а останатите 50 терминали беа во салата за обука на продавачите на деловните партнери. Од тука произлегува дека заклучно со 28.02.2011 година кога сум назначен на друга функција скоро сите 400 терминали беа во функција. Произлегува дека забелешките дадени во извештајот на Државниот завод за ревизија се неосновани, бидејќи нивната констатација дека во моментот на увидот во магацините на Државната Лотарија каде е констатирано дека не се во функција 200 терминали од вкупно 400 се однесува само за периодот на 2011 година, а не за 2009, 2010 до 28.02. 2011 година. Сметам дека за констатацијата од државната ревизија дека се нанесува штета со не ставање во функција на останатите 200 терминали кои биле затекнати во магацините, одговор за таа состојба треба да даде директорот кој управувал со Државната лотарија во периодот по 01.03.2011 година.

Доказ: Допис бр.05-238/1 од 18.01.2013 година.

На крајот заблагодарувајќи се укажаната можност да ги изнесам моите забелешки се надевам дека истите ќе бидат земени во предвид и вградени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Со почит,

**Јован Сиљаноски дипл. правник**

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Од одговорното лице за управување и раководење на АД за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија, на должност генерален директор до 01.03.2011 година, доставени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на АД за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија за 2011 година, број 11-114/3 од 24.12.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-197/1 од 25.01.2013 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. За забелешките на констатираните состојби во **точката 4.4.1., став 2, алинеја 2** која се однесува на вршење надзор над изведбата за адаптирање на деловниот простор на 2-ри кат во зградата на МРТВ, од страна на ЈП ССДП на РМ, без склучен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу инвеститорот и надзорот, **не се прифаќа**. Одговорното лице во прилог на забелешките достави Извадок од Нацрт - записникот од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија одржана на ден 23.06.2009 година, во кој се задолжува ЈП ССДП на РМ да врши надзор во сите фази во изведбата на адаптацијата на објектот на МРТВ. Исто така образложува дека поради тоа што во Законот за градење се дефинирани обврските на надзорот, не постои потреба од склучување на договорот. Респектирајќи ги погоре наведените образложенија на Законот за градење, ревизијата потенцира дека правата и обврските помеѓу инвеститорот и надзорот, како и начинот на плаќање, се регулира со склучување на договор. Во наведениот извадок не е прецизирано дека услугите ќе се извршуваат без надомест, како што известува одговорното лице.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.2.** која се однесува на извршената набавка на услуги за продукција без постапка согласно Законот за јавните набавки, **не се прифаќа.** Одговорното лице во прилог на забелешките дава образложение дека набавката на наведените услуги е спроведена со постапка со јавен повик, со што ја потврдува констатираната состојба од страна на овластениот државен ревизор.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.3.** која се однесува на извршената набавка на услуги за продукција и склучување на договор без постапка согласно Законот за јавните набавки, **не се прифаќа.** Одговорното лице во прилог на забелешките дава образложение дека по склучениот договор нема финансиски импликации заклучно со 28.02.2011 година, период до кој ја вршел должноста генерален директор. Во наведената точка, ревизијата констатира повеќе состојби кои се однесуваат на начинот и постапката на склучување на договорот, евалуирањето на понудите и преземање обврски по рокот на важност на истиот. Исто така потенцираме дека извршената ревизија и констатираните состојби се однесува на финансиските извештаи за 2011 година.

4. Упатена е забелешката на констатираната состојба во **точката 6.1.** која се однесува на **нагласување на прашања на неизвесност и континуитет** во делот на констатираната состојба дека од набавените 400 терминали, 200 терминали сеуште се наоѓаат во магацинот на Државна лотарија и истите не се дадени на користење. Во прилог на забелешките доставено е Известување број 05-238/1 од 18.01.2013 година за состојбата на искористеност на терминалите на ден 28.02.2011 година, согласно кое бројот на терминали што се во употреба изнесува 269. Ревизијата истакнува дека констатираната состојба за бројот на терминали во употреба презентирана во Нацрт извештајот, се однесува на утврдената состојба **на ден 31.12.2011 година**, имајќи во предвид дека Нацрт извештајот се однесува за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2011 година. Состојбата за бројот на терминали во употреба е констатирана во „Извештај за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата, побарувањата и обврските на Државна лотарија на Македонија за работната 2011 година„ бр. 02-430/1 од 03.02.2012 година, изработен од страна на Комисија за попис.

   Врз основа на дополнително доставената документација, овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршната ревизија соодветно ќе ја обелодени состојбата за терминалите кои биле дадени во употреба во текот на 2010 и 2011 година.

*Ревизорски тим* — *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________